Локална установа од областа на културата
ГРАДСКИ МУЗЕЈ
Бр. 01-208/1
18.11.2020 год.
Крива Паланка

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04, 89/08,116/10, 51/11, 85/15, 152/15, 39/16) и член 13, став 2, алинеја 3 од Статутот на музејот (бр. 02-78/2 од 01.06 2017), директорот на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка предлага:

# Годишната програма за работа на Локалната Установа „ГРАДСКИ МУЗЕЈ " – Кр.Паланка за 2021 година

Тргнувајќи од децентрализираниот модел на управување и финансирање на културата и културното наследство како и од стремежите за воспоставување на европски принципи на работа и развој, ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка изработи програма за работа на установата која што ги утврдува целите, приоритетите, активностите и финансиските средства со кои што ќе се одвива дејноста во следната 2021 год.

## Цели

Програмата за работа на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка за 2021 година ќе ги следи утврдените цели за развој на дејноста кои што произлегуваат од базичните принципи на заштита и искористување на културно – историското наследство со примена на современа методологија на културниот менаџмент:

- Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион.
- Потикнување на меѓу-институционална соработка на локално ниво и интердисциплинарен пристап.
- Институционална надградба на установите задолжени за културата и културното наследство.
- Подобрување на менаџментот во културата и културното наследство.
- Искористување на културата и културното наследство како ресурс за економски развој.

## Приоритети

Имајќи ги предвид зацртаните цели и инструментите за нивно достигнување Програмата за работа на ЛУ Градски музеј Кр. Паланка за 2021 година ќе ги следи приоритетите за работа и развој на музејската дејност утврдени во подолу цитираните стратешките документи. И тоа:

- Собирање, истражување, конзервација и презентација на археолошкото наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на етнолошкото духовно и материјално наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на историското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на архитектонското – градителското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на црковно-историското и уметничко наследство на кривопаланечкиот регион.

## ВОВЕД

Градскиот Музеј во Крива Паланка е формиран како ЛОКАЛНА УСТАНОВА од Областа на Културата. По својата форма тој претставува **Општ Музеј** кој што ги обединува 4 (четирите) музеолошки дисциплини во себе: ***археолошката, етнолошката, историската и историјата на уметност.***

ЛУ „ГРАДСКИ МУЗЕЈ“ – Кр. Паланка е институционалниот носител на целокупната музејска дејност во општина Крива Паланка и пошироко на Кривопаланечкиот регион кој има јасно утврдени просторни, географски и антропографски граници.

Во исполнување на Годишната програма за работа ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка ги следи регулативите, одредниците и стратешките определби кои произлегуваат од:

Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 85/15, 152/15 и 39/16) и сите подзаконски акти кои произлегуваат од него;

Закон за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18) и сите подзаконски акти кои произлегуваат од него;

Статутот на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка со бр.02-28/1 од 01.06 2017 г;

Програмата за развој на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка 2017 – 2021 (бр. 03-94/1 од 18.07 2018);

Националната Стратегија за Развој на Културата во РМ 2018-2022 и Акциски план за имплементација на стратегијата за развој на културата во РМ 2018-2022 усвоени од Собранието на РМ (Сл. весник на РМ бр 81/2018);

Стратегијата за локален развој на општина Крива Паланка 2015-2020;

## РЕСУРСИ

### - технолошки ресурси

ЛУ Градски музеј Кр. Паланка својата дејност ја одвива во зградата на музејот, т.е поранешниот Дом на АРМ или уште по поранешниот Официрски Дом. Условите за работа во установата се модерни, технолошки современи и удобни. На располагање на вработените, лицата ангажирани по договор за привремени вработувања и волонтерите во установата се три модерно опремени канцеларии, библиотека, депо-а за предмети, продавница за сувенири и три изложбени сали за постојаната археолошка поставка, постојаната етнолошка и постојаната историска поставка и опремени со современа опрема за заштита според музеолошките стандарди. Во составот на музејот постои и модерно опремена уметничка галерија според сите стандарди и во која се организираат повремени музејски и уметнички изложби.

Во 2019 година Музејот се здоби со дополнителен простор (зграда) поранешен објект Школо во с. Градец. Во рамките на овој објект, музејот планира развој на едукативен туризам базиран на културното наследство како и ресурсна база за археолошки истражувања.

### - човечки ресурси

ЛУ Градски музеј Кр. Паланка располага со следните човечки ресурси: 1 (едно) стручно лице *етнолог* - постојано вработено / кое е и директор на Музејот; 1 (едно)

стручно лице – *историчар*, 1 (едно) стручно лице *етнолог* и 1 (едно) стручно лице *историчар-архивист* вработени преку АПВ. Во Музејот како технички персонал е ангажирано 1 (едно) лице – *хигиеничар* со договор на дело.

# АКТИВНОСТИ

Во следната 2021 година Музејот во програмата планира да реализира повеќе активности од својата основна дејност која што е утврдена со Статутот на Музејот и се одвива согласно Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство како и сите подзаконски акти кои произлегуваат од нив, и согласно Програмата за развој на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка 2017 – 2021 (бр. 03-94/1 од 18.07 2018). Музејот во 2021 година планира да реализира активности и од проектната дејност кои произлегуваат од аплицирање пред Министерството за култура, други државни органи, домашни и меѓународни организации и фондации.

ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка својата **основна и проектна дејност** ќе ја извршува во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси, средства и персонал како и инволвирани партнери во истите:

| | Опис | Вклучен персонал | Инволвирани страни | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| | **Заштита на движно и недвижно културно – историското наследство** | | | |
| 1 | Програми, планови и Елаборати за валоризација / ревалоразија и заштита на музејските предмети од збирките на музејот | 3 стр. лица документатор, етнолог и историчар | НУ Музеј на РС Македонија УЗКН | 15.000 ден |
| 2 | Примарна конзервација на музејки материјал од археолошката етнолошката, и /или историската збирка | 2 стр. лица конзерват-ори | НУ Музеј на Македонија УЗКН НУ АММ | 30.000 ден |
| 3 | Валоризација на археолошки локалитет „Градиште“ во с. Градец (Проект: Продолжување од 2020) | 5 стр. лица архитект, 2 археолози, документ и фотограф | Општина Кр. Паланка НУ НКЦ Скопје | 15.000 ден |
| 4 | Валоризација на археолошки локалитет „Градиште“ во с. Трново Проект за 2021 | 5 стр. лица архитект, 2 археолози, документ и фотограф | Општина Кр. Паланка НУ НКЦ Скопје | 80.000 ден |
| | **Евиденција и документација на движно и недвижно културното наследство** | | | |
| 1 | Регистрација и документација на основниот музејски материјал од археолошката, етнолошката, историската збирка и др. збирки | Сите вработени | НУ Музеј на РС Македонија УЗКН | 15.000 ден |
| 2 | Евиденција, документација и регистрација на придружниот архивски, библиотечен, фотографски, видео и аудио материјал | Сите вработени | Општина Кр. Паланка / релевантни НУ | 10.000 ден |
| 3 | Евиденција, документација и водење на регистри на споменици, | Сите вработени | Општина Кр. Паланка / | 15.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | празници, личности и др. регистри во интерес на општината и локалната заедница | | релевантни државни органи | |
| 4. | Електронска (дигитална) евиденција на музејскиот материјал (сервис. на софтвер) | Директор Документатор | Избран подизведувач со јавна набавка | 15.000 ден |
| | **Собирање, истражување и збогатување на музејските збирки** | | | |
| 1 | Збогатување на музејските збирки преку откуп на на музејски предмети | Директор Комисија | Локално граѓанство | 50.000 ден |
| 2 | Збогатување на музејските збирки преку подарок на музејски предмети | Директор Комисија | Локално граѓанство | 0 ден |
| 3 | Збогатување на архивските фондови преку откуп на помошен музејски материјал: книги, карти, документи и сл. | Директор Комисија | Локално граѓанство | 30.000 ден |
| | **Стручни, научни и теренски истражувања** | | | |
| 1 | Заштитни археолошки истражувања на локалитет „Градиште" во с. Градец, Крива Паланка 2021 Проект за 2021 | 1 стр. лица археолог и стр. тим | Општина Кр. Паланка | 150.000 ден |
| 2 | Сондажни археолошки истражувања на локалитет „Градиште" во с. Трново, Крива Паланка Проект за 2021 | 1 стр. лица археолог и стр. тим | Општина Кр. Паланка | 150.000 ден |
| 3 | Истражување на градскиот живот во Крива Паланка – I - од крајот на 19 и првата половина на 20 ти век | 2 стр. лица етнолог и соработник | Општина Кр. Паланка | 35.000 ден |
| 4 | Истражување и документирање на Кривопаланечкиот 19-ти век Проект за 2021 | 2 стр. лица историчари | Општина Кр. Паланка ДАА | 80.000 ден |
| 5 | Познати и Признати Кривопаланчани I – род 1940-1970 (Проект: Продолжување од 2020) | 1 стр. лице историчар и сораб. | Општина Кр. Паланка ДАРМ | 15.000 ден |
| 6 | Револуционерната организација во Кривопаланечкиот крај – погранично истражување и заедничка изложба (Проект: Продолжување од 2020) | 2 стр. лица историчари | Општина Кр. Паланка РИМ Ќустендил | 30.000 ден |
| 7 | Истражување на архитектонското, уметничкото и епиграфското културно наследство на црквата Св. Димитриј и ман. Св. Јоаким Осоговски Проект за 2021 Проект за 2021 | 3 стр, лица / архитект, истор. на уметност и епографичар | Општина Кр. Паланка НУ НКЦ МПЦ-КОЕ | 80.000 ден |
| | **Презентација, промоција и популаризација на културно историското наследство** | | | |
| 1. | Работа со посетители и гости на музејот | Сите Вработени | / | 0 |
| 2. | Организација и спроведување на групни туристички посети во музејот | Директор / кустоси | Туристички агенции и организации | 0 |
| 3. | Дизајн и печатење на стручни и промотивни публикации за промоција на културно – историското наследство | Сите Вработени | Општина Кр. Паланка | 60.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Изложбени активности и манифестации** | | | |
| 1 | Организирање и реализирање на празнични одбележувања и работилници во музејот | Сите вработени | Логални граѓански групи | 35.000 ден |
| 2 | Организирање и реализирање на повремени / тековни изложби, промоции, презентации и др. настани | Сите вработени | Различни | 80.000 ден |
| 3 | Организација на изложби за претставување на културно-историското наследство како и современата уметност од Крива Паланка | Сите вработени Стручни соработници | Општина Кр. Паланка | 50.000 ден |
| 4 | Ко-организација на културни настани и манифестации од Програмата за култура на Општина Кр. Паланка за 2021 година | Сите Вработени | Општина Кр. Паланка / НУ Центар за култура | 65.000 ден |
| 5 | Димитар Стојчевски – ретроспективна монографска изложба<br>Проект за 2021 | 2 стр. Лица истор. на уметност и сораб. | ОПКП / НУЦК/ Лик. кол | 200.000 ден |
| | **Развој н<br>а човечки ресурси** | | | |
| 1. | Изработка и донесување на акти, планови и документи од областа на човечките ресурси | Директор / лице задол. за УСЧР | УО и Совет на Општина Кр. Паланка | 0 |
| 2 | Транформација на статут на лица ангажирани преку АПВ | Директор / лице задол. за УСЧР | УО и Совет на Општина Кр. Паланка | 800.000 ден |
| 3 | Ангажман и работа со волонтери и други повремено ангажирани лица | Директор | Општина Кр. Паланка | 200.000 ден |
| 4 | Обуки, тренинзи и конференции на стручни теми и области | Сите вработени | Општина Кр. Паланка | 10.000 ден |
| | **Работа на Управниот одбор** | | | |
| 1 | Организација, изработка на документи и материјали и одржување на седници на Управниот Одбор на Музејот | Директор | Градоначалник, Совет на општина Кр. Паланка | 25.000 ден |
| | **Развој на технолошки ресурси** | | | |
| 1 | Набавка на панели, тапети, знаци принтови и други презент. матер. за инсталација во постојаните поставки | Директор / лице одг. За јавни набавки Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 100.000 ден |
| 2 | Набавка на опрема за греење и климатизација зградата на Музејот и објектот Школо во с. Градец | Директор / лице одг. за јавни набавки Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 150.000 ден |
| 3 | Набавка на мебел, инвентар и др. опрема и материјали зградата на Музејот и објектот Школо во с. Градец | Директор | Избран подизведувач со јавна набавка | 100.000 ден |
| | **Инвестициски активности** | | | |
| 1 | Градежни работи за одржување на зградата на Музејот и објектот Школо во с. Градец | Директор / лице одг. за јавни набавки Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 300.000 ден |
| 2 | Подобрување на условите во депоата и чување на предметите во Музејот | Директор / лице одг. за јавни набавки | Избран подизведувач со | 200.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Проект за 2021 | Комисија | јавна набавка | |
| 3 | Подобрување на условите за аудиовизуелна презентација во ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка –II Проект за 2021 | Директор / лице одг. за јавни набавки Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 300.000 ден |
| | **Друго** | | | |
| 1 | Стимулирање на локалното произв. на сувенири и ракотворби и збогатување на асортиманот на музејската продавница | Директор Комисија | Локално производители и фирми | 40.000 ден |
| 2 | Други активности и акции неспоменати на друго место | Сите вработени | / | 50.000 ден |

ВАЖНО!!! Реализацијата на дел од активностите од основната и проектната дејност ќе зависи од прифаќањето на апликациите од Министерството за култура на РС Македонија во Годишната програма за проекти од национален интерес во културата за 2021 година и од висината на одобрените средства.

## Динамика на активностите

ЛУ Градски музеј ја определи следната динамика на имплементација на програмата за работа за 2021 согланост со планираните активности во извршување на својата основна и проектната дејност:

| | | I | | | II | | | III | | | IV | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1. | Заштита на движно и недвижно културното историското наследство | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| 2 | Евиденција и документација на движно и недвижно културно наследство | | | ■ | ■ | ■ | ■ | | | ■ | ■ | | |
| 3 | Собирање, истражување и збогатување на музејските збирки | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| | Стручни, научни и теренски истражувања | | ■ | ■ | | | ■ | | | ■ | ■ | ■ | |
| 4 | Презентација, промоција и популаризација на културно-истор. наследство | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| 5 | Изложбени активности и манифестации | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| 6 | Развој на технолошки реурси | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | |
| 7 | Развој на човечки ресурси | | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | | | ■ | ■ | |
| 8 | Работа на Управниот Одбор | | | ■ | | | ■ | | | | ■ | ■ | |
| 9 | Инвестициски активности | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | |
| 10 | Друго | | ■ | ■ | | | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | |

# ФИНАНСИРАЊЕ

Согласно законските решенија и актите на Советот на општина Крива Паланка активностите за одвивање на основната дејност на Л.У Градски Музеј ќе бидат вградени и финансирани од буџетот на општина Крива Паланка од програмата *К3 – Музејска и кинотечна дејност*. Дополнитетлно, некои од активностите од основната дејност како што се регистрација и документација на основниот музејски материјал, теренски истражувања, стручни и научни истражување ќе бидат финансирани комбинирано и од буџетот на општина Крива

Паланка од буџетот на РС Македонија во рамките на Годишните програми на општина Крива Паланка и Министерството за култура на РС Македонија.

За остварување на активностите од проектни дејности финансиските средства ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка ќе ги обезбедува од Министерството за култура преку Годишната програма финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година, а можно е дел од средствата да бидат обезбедени од меѓународни фондации и институции: ИПА – инструментот за претпристапна помош и амбасади на странски држави во РС Македонија, преку активно и динамично подготвување на проектни апликации и поднесување на предлог проекти.

**Преглед:**

<table>
<tr><th>Локација на средства</th><th>Партнери</th><th>Корисници</th></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од основна дејност:</td><td rowspan="7">Градски музеј<br>Локална заедница<br>Локална самоуправа<br>Посетители<br>Туристи</td></tr>
<tr><td>Буџет на општина Крива Паланка</td><td>Општина Крива Паланка</td></tr>
<tr><td>ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка</td><td>Самофинансирачки активности</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од проектна дејност:</td></tr>
<tr><td>Буџет на РС Македонија</td><td>Министерство за култура</td></tr>
<tr><td>Донација</td><td>Меѓународни организации и фондации</td></tr>
</table>

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предложената програма за работа на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка е проекрирана за периодот од **01 Јануари 2021 до 31 Декември 2021.**

Во програмата се опишани институционалната и инвестиционата компонента во исполнување на активностите за остварување на основната и проектната дејност на установата.

Очекуваните резулатати и придобивки од програмата се: видлив ефект и придонес кон напорите за институционализација на установата; сопствено промовирање и етаблирање; заштитено културно – историско наследство; успешна имплементација на проектните активности; подготовка и промоција на што повеќе финални продукти и резултати од дејноста.

**ЛУГрадски Музеј Кр. Паланка**

**директор**

____________________

**ДРАГАН ВЕЛИЧКОВСКИ**